РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ЗА ЈУНИ 2010 ГОДИНА

Јули 2010 година

# I. Зајакнување на институционалниот капацитет

1. Извршени се измени на Правилникот за спроведување на Законот за акцизи („Сл.весник на Р.М. бр.85 од 29.06.2010) кои предвидуваат:
    - поедноставена постапка на администрирање на акцизните документи при транспорт на добра подлежни на акциза во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг,
    - плаќање на трошоците за печатење, транспорт, чување и издавање на контролните марки со поднесување на пријавата за планирани количини на контролни марки (П-МЕА и П-ТД), наместо при подигање на контролните марки,
    - издавање на контролни марки на барање на имателот на акцизната дозвола или увозникот еднаш неделно, наместо два пати месечно,
    - воведување на нови обрасци на контролни марки за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол и обрасци на контролните марки за обележување на тутунски добра.

2. Во јуни 2010 година се донесени следните упатства со кои се уредува работата во различни области на Царинската управа:
    - Упатство за постапување со ИКТ системите од аспект на ИКТ безбедност, чија цел е оптимализација на користењето и управувањето со информациската технологија, заштита на податоците, ефективно, ефикасно и сигурно работење на ИКТ системите и техничките инфраструктури кои ги подржуваат;
    - Упатство за подготовка на акти во Царинска управа, со кое се утврдуваат видовите на акти кои се изготвуваат во Царинска управа, надлежноста за нивно подготвување, начинот на подготовка на актите, формата и техниката на подготвување, контрола на интерните акти, нивното прилагодување, измена, дополнување, ревидирање или укинување;
    - Ново Упатство за начин на постапување со одземени и стоки отстапени во корист на државата, со кое се утврдува начинот на постапување со привремено и конечно одземени стоки и стоки отстапени во корист на државата во управна постапка според одредбите на Царинскиот закон, нивното евидентирање, сместување и чување, предавање, продажба и распределба на паричните средства остварени со продажбата, надлежностите и

одговорностите во Царинската управа, како и начинот на постапување со стоки кои привремено се одземаат во прекршочна или кривична постапка или поради повреда на право од интелектуална сопственост;

- Програма за радијациона заштита на мобилен систем – рентген скенер, со која се воспоставува систем за радијациона заштита, односно се имплементираат стандарди за заштита на луѓето од штетните ефекти на јонизирачкото зрачење, без притоа да се врши непотребно ограничување на општествено корисните примени на истото, како и се зајакнува културата на сигурност при употреба на јонизирачкото зрачење во општокорисни цели;
- Корисничко упатство за софтвер за планирање на ресурси во институцијата - Модул за финансова оператива, со кое се регулира сметководственото евидентирање на побарувањата, обврските, приходите и расходите кои произлегуваат од работењето на Царинската управа;
- Корисничко упатство за софтвер за планирање на ресурси во институцијата - Модул за план за јавни набавки, со кое се уредува евидентирањето на донесениот план за јавни набавки, негови измени, дополнувања и реализација;
- Корисничко упатство за софтвер за планирање на ресурси во институцијата - Модул за евиденција на основни средства, со кое се пропишува евидентирањето на основните средства и задолжувањето на истите по вработен и по локација;
- Корисничко упатство за работа со софтвер за планирање на ресурси во институцијата - Модул за патни налози, со кое се регулира евидентирањето, пресметката и исплатата на трошоците за службените патувања на вработените на Царинската управа, во земјата и странство.

3. Во јуни 2010 година Царинската управа наплати вкупно 4.699 милиони денари (околу 76,4 милиони евра) на име буџетски приходи, што е за 59% повеќе од остварувањето во истиот период 2009 година, што се должи на наплатените акцизи во домашен промет како приход чија наплата од 01.01.2010 ја врши Царинската управа на Република Македонија.

   Од вкупно наплатените буџетски приходи по видови, на име царина и други царински давачки, наплатени се 383 милиони денари (околу 6,2 милиони евра) што е 7,9 % помалку од остварувањето во истиот период минатата година. Најголемо влијание на намалувањето на приходите од царина има кај следните стоки: шеќер и производи од шеќер, облека и прибор за облека, машини и механички уреди, фармацевтски производи, сапун, органски површински активни средства, препарати

за перење, препарати за подмачкување, вештачки восоци, подготвени восоци, препарати за полирање и минерални горива, минерални масла и производи од нивна дестилација, битуменозни материи, минерални восоци.

Приходите наплатени од ДДВ во јуни 2010 година изнесуваат 3010 милиони денари (околу 49 милиони евра), што е 31 % повеќе од оствареното во истиот период во 2009 година. Зголемувањето на приходите од ДДВ се должи главно на зголемениот увоз на: минерални горива, минерални масла и производи од нивна дестилација, битуменозни материи, минерални восоци, возила и нивни делови и прибор, железо и челик, керамички производи, пластични маси и производи од пластични маси, хартија и картон и производи од хартиена маса, од хартија или од картон.

Наплатените приходи од акциза изнесуваат 1.254 милиони денари (околу 20,4 милиони евра), што е за 2,5% поголемо од остварувањето во јуни 2009 година.

Приходите од акциза од алкохол и алкохолни пијалоци во јуни 2009 година изнесувале 108 милиони денари (околу 1,8 милиони евра), додека приходите од акциза во истиот период оваа година изнесуваат 94 милиони денари (околу 1,5 милиони евра). Тоа значи дека е забележано намалување на приходите од акциза за алкохол и алкохолни пијалоци за 13%. Кај алкохолот и алкохолните пијалоци забележано е зголемување на количините на акцизни добра од домашно производство, односно од 86,6 илјади литри во 2009 година е зголемено на 88,9 илјади литри во 2010 година (зголемено 3%). Во јуни 2010 зголемен е бројот на издадени контролни марки за домашно производство за 4%. Количина на алкохол и алкохолни пијалоци од увоз е 127 илјади литри, што е за 34% поголемо од остварувањето во јуни 2009 година, а бројот на издадени контролни марки алкохол и алкохолни пијалоци од увоз бележи зголемување за 29%.

Кај тутунот и производите од тутун приходите од акциза во јуни 2010 година изнесуваат 438 милиони денари, при што е забележано зголемување на приходите од акциза за тутун и тутунски добра во однос на минатата година за 11%. Забележано е зголемување на количините на тутунски добра од увоз, односно од 3,5 милиони пакувања во 2009 година на 5,8 милиони пакувања во 2010 година, што претставува зголемување за 66%. Намалување на количините е забележано кај тутунските добра од домашно производство, односно од 19,4 милиони пакувања во 2009 година на 13,7 милиони пакувања во 2010 година, што претставува намалување од 29%.

Кај нафта и нафтени деривати приходите од акциза во јуни 2010 година изнесуваат 687 милиони денари, при што е забележано зголемување на приходите од акциза за нафта и нафтени деривати за 2%.

Приходите од акциза на патнички автомобили во јуни 2010 година изнесуваат 34 милиони денари, односно забележано е намалување за 27%. Во јуни 2009 увезени се вкупно 1,2 илјади патнички автомобили, додека пак истиот месец оваа година бројката достигна 6,7 илјади.

Наплатените приходи од акциза во периодот јануари-јуни 2010 изнесуваат 6.417 милиони денари (околу 105 милиони евра), што е за 5,6% помалку од остварувањето во истиот период 2009 година.

Приходите од акциза од алкохол и алкохолни пијалоци во периодот јануари-јуни 2009 година изнесувале 532 милиони денари (околу 8,7 милиони евра), додека приходите од акциза во истиот период оваа година изнесуваат 452,83 милиони денари (околу 7,4 милиони евра), што значи намалување за 15%. Кај алкохолот и алкохолните пијалоци забележано е намалување на количините на акцизни добра од домашно производство, односно од 447 илјади литри во 2009 година е намалено на 399 илјади литри во 2010 година (намалување од 12%). Во периодот јануари-јуни 2010 намален е бројот на издадени контролни марки за домашно производство за 1%. Количина на алкохол и алкохолни пијалоци од увоз е 713 илјади литри, што е за 12% поголемо од остварувањето во 2009 година, а бројот на издадени контролни марки алкохол и алкохолни пијалоци од увоз бележи зголемување за 12%.

Кај тутунот и производите од тутун приходите од акциза во периодот јануари-јуни 2010 година изнесуваат 2.086 милиони денари (околу 34 милиони евра), при што е забележано намалување на приходите во однос на минатата година за 4%. Забележано е зголемување на количините на тутунски добра од увоз, односно од 17,8 милиони пакувања во 2009 година на 18,35 милиони пакувања во 2010 година, што претставува зголемување за 3%. Намалување на количините е забележано кај тутунските добра од домашно производство односно од 87 милиони пакувања во 2009 година на 80 милиони пакувања во 2010 година што претставува намалување од 8%.

Кај нафта и нафтени деривати приходите од акциза во периодот јануари-јуни 2010 година изнесуваат 3.637 милиони денари (околу 59,4 милиони евра), при што е забележано намалување на приходите од акциза за нафта и нафтени деривати за 4%.

Приходите од акциза на патнички автомобили во периодот јануари-јуни 2010 година изнесуваат 240 милиони денари (околу 3,9 милиони евра), односно забележано е намалување за 18%. Во периодот јануари-јуни 2009 увезени се вкупно 6.682 патнички автомобили, додека пак истиот период оваа година бројката достигна 26.804.

Наплатените приходи од надоместоци изнесуваат 53 милиони денари (околу 0,8 милиони евра) што во однос на јуни 2009 година претставува зголемена наплата за 101 %.

4. Во текот на јуни 2010 Царинската управа ги издаде следните лиценци и одобренија:
   - 12 одобренија за извоз за облагородување,
   - 4 одобренија за царинско складирање,
   - 12 одобренија за увоз за облагородување;
   - едно одобрение за поедноставена постапка за декларирање стока во царинска постапка за пуштање во слободен промет,
   - едно одобрение за поедноставена постапка за декларирање стока во царинска постапка за извоз,
   - 43 измени на одобренија за увоз за облагородување,
   - 8 измени за одобренија за царинско складирање,
   - 3 одобренија за постапка со економски ефект во скратена постапка,
   - едно продолжување на одобрение за локално царинење при извоз,
   - едно одобрение за скратена постапка со економски ефект (закуп),
   - 2 одобренија за овластен примач,
   - 2 одобренија за овластен испраќач.

## II. Административен капацитет

5. Во јуни 2010 година, беа реализирани 21 настани, каде учествуваа 124 царински службеници. Просечното времетраење на обука за вработените кои посетувале обука е 8,25 часа, а просечното времетраење на обуката за секој вработен 0,92 часа.

   Обуките, семинарите, презентациите и работилниците одржани во изминатото тромесечие, опфатија теми од домен на царинското работење и други теми од поширок интерес, споделени со други институции и служби:
   - Презентација на новата *Стратегија за информатичка и комуникациска технологија*;
   - Обука на тема *Функционалности на софтверот за издавање на ЕУР обрасци,* во Царинарница Скопје;

- Работилница за планирање на буџет;
- Активности остварени преку инструментот TAIEX:
  - Работилница на тема *Запознавање со Модернизираниот Царински Закон.* на која учесниците беа запознаени со промените кои ги носи Модернизираниот Царински закон;
  - Работилница на тема *Правила за потекло на царинска стока*, на која беа претставени правилата за потекло на стока, со посебен осврт кон концептот на овластен извозник;
  - Семинар на тема *Унапредување на полициската соработка во Југоисточна Европа,* кој се одржа во Виена;
  - Студиска посета во Келн за *Методи за утврдување на царинска вредност на стока* – дедуктивна метода;
  - Студиска посета во Прагаа во врска со практичната примена на EORI броевите во царинските постапки;
- Активности реализирани во рамки на Програмата Customs 2013:
  - Семинар на европски царински хемичари, одржан во Хелсинки;
  - Состанок на работната група за Контрола на пари, одржан во Виена;
  - Состанок на членовите на групата за обуки, одржан во Брисел.
- Активности реализирани во соработка и на покана на други институции:
  - Информативна сесија за законот за инспекциски надзор, одржана во Скопје, на покана на Министерството за правда;
  - Работилници на тема *Процес на преговори за пристапување кон ЕУ,* реализирани во соработка со Секретаријатот за европски прашања;
  - Семинар на тема *Царински криминал/разграничување на криумчарење од царински прекршок,* одржан во Битола, во организација на Академијата за обука на судии и јавни обвинители;
  - Две обуки на тема *Постапување со информатори,* одржани во во соработка со Crown Agents;
  - Работилници за обука на обучувачи поврзани со новиот Закон за кривична постапка, кои беа одржани Охрид;
- Меѓународни активности и настани:
  - Меѓународна конференција за контрола на извозот, која се одржа во периодот Киев, на покана на Амбасадата на САД;
  - Регионална работилница за борба против последиците од криминални дејствија навлезени во активности на фалсификување и пиратерија, одржана во периодот во Франција, со поддршка на Службата за дрога и криминал на Обединетите Нации;

- Работилница за имплементација на Резолуцијата 1540 на Обединетите Нации, одржана во Сплит, во организација на Обединетите Нации;
- Работилница на тема *Контрола на извоз на оружје,* одржана во Сараево,
- Иницијална планирачка конференција (IPC) за Вонмедицинска вежба MEDECEUR 2011, одржана во Охрид, на покана на Министерството за одбрана;
- Конференција за интегрирано гранично управување, одржана во Брисел;
- Два работни состаноци реализирани во Рим, како дел од активностите за имплементација на новиот софтвер за обработка на царински декларации.

## III. Интегритет и борба против корупција

6. Во јуни 2010 година се реализирани 11 внатрешни истраги во организационите единици на Царинската управа.

   Врз основа на спроведените истраги, во 2 случаи се утврдени основани сомненија дека царински службеници работеле спротивно на законските одредби, подзаконските акти, оперативните инструкции и етичкиот кодекс. Во останатите 9 случаи не е утврдено работење на царинските службеници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

   Врз основа на спроведените истраги, релизирани се 3 дисциплински постапки против царински службеници, при што е изречена 1 мерка за престанок на работен однос, а 2 дисциплински постапки се запрени.

   На крајот на јуни 2010 година, против Царинската управа беа активни 109 судски предмети врз основа на спор од работен однос. Од нив 36 предмети се наоѓаат во основните судови, со старост од 1 до 10 месеци. Во постапки кај апелационите судови се наоѓаат 49 предмети со старост од 1 до 12 месеци. Во постапки пред Врховен суд се наоѓаат 24 предмети со старост од 1 до 36 месеци.

   Во текот на јуни од основните судови се примени 7 пресуди по тужби против решенијата на Комисијата и на Царинската управа, од кои со 2 се уважува тужбеното барање за поништување на решението за отказ, со 2 пресуди се уважуваат барањата за исплата на надоместоци од плата, со 1 пресуда се одбива тужбеното барање за надомест на штета, а со 2 се уважува тужбеното барање за надомест на штета.

Во истиот месец, од апелационите судови се примени 8 одлуки, од кои 2 со потврдена првостепената пресуда со која се потврдува отказното решение, со 1 пресуда е потврдена првостепената пресуда со која се поништува отказното решение, со 1 одлука е мериторно одлучено и е потврдено решението за суспензија, со 1 одлука е вратено на повторно судење, со 1 одлука е потврдено решението за суспензија. Со една пресуда на апелационен суд е потврдена одлуката на првостепениот суд за надомест на штета. Во овој месец не е примена пресуда од Врховен суд.

7. Од вкупно 169 кривични предмети во временски период од 2002 до 2010 година, на крајот на јуни 2010 година, сеуште во судска постапка се 108 кривични предмети против 90 лица сеуште вработени во Царинската управа и 84 поранешни вработени лица. Кривичните предмети се со старост од 2 месеци до 7 години.

   Со завршена судска постапка и конечна одлука се вкупно 50 кривични предмети, додека за 11 нема информација во кој статус се наоѓаат.

   Кај основните судови во постапка се 100 кривични предмети, со старост од 2 месеци до 7 години.

   Од вкупниот број на кривични предмети кои се наоѓаат пред основните судови, 40 предмети се наоѓаат во фаза на истрага, 11 предмети се вратени на повторно одлучување, 10 предмети се наоѓаат во судска расправа, додека 39 предмети се наоѓаат во фаза на судско вештачење.

   Кај апелационите судови во постапка се 8 предмети со старост од 1 до 5 години. Во периодот јануари-јуни 2010 од страна на Царинската управа биле поднесени 2 кривични пријави против 2 царински службеници и тоа: 1 кривична пријава против 1 царински службеник за давање на лажна изјава;1 кривична пријава против 1 царински службеник за несовесно работење во службата, Во истиот период во соработка со Министерството за внатрешни работи се поднесени 2 кривични пријави против 2 царински службеници за компјутерски криминал и за проневера. Во соработка со Финансиската полиција е поднесена 1 кривична пријава против 3 царински службеници за злоупотреба на службената положба. Во соработка пак со Министерството за внатрешни работи и Финансиска полиција изготвена е 1 кривична пријава против 4 лица од кои 1 царински службеник за помагање во криумчарење и злоупотреба на службена положба.

8. Во текот на јуни, по извршените контроли во организационите единици на Царинската управа, а во врска со утврдените недостатоци и неправилности во работењето, се изготвени7 извештаи. Извештаите се однесуваат за ненавремено изготвување на управни решенија вратени на повторно одлучување од Министерството за финансии, како и контрола на работењето на една царинска испостава за стоково царинење.

9. Во јуни 2010 се извршени 2 внатрешни ревизии, при што се констатирани 8 наоди и дадени се 8 препораки за постапување.

## IV. Транспарентност

10. Во јуни 2010 година преку отворената телефонска линија 197 се примени вкупно 3216 повици, или во просек 107 повици на ден. Заради полесно координирање и постапување со информациите, истите се класифицирани и доставени до надлежните служби за понатамошно постапување.

    На интернет страницата на Царинската управа се објавени 56 информации, а на интранет порталот 48 информации.

    Овој месец Царинската управа одговори на 20 прашања поставени преку интернет страницата или во хартиена форма.

## V. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

11. Врз основа на разузнавачки информации и анализа на ризик, во јуни 2010 извршен е преглед на 346 товарни моторни возила, 182 автобуси и 129 патнички моторни возила, или вкупно на 657 транспортни средства. На граничните премини и на царинските испостави извршени се вкупно 1.697 скенирања, од кои 1.461 скенирања на товарни моторни возила, 92 на патнички моторни возила и 144 скенирања на автобуси.

    Контролите резултираа во повеќе заплени на непријавена стока, како што се::

    - 22 000 парчиња цигари и 500 цигарилоси
    - 3.693 парчиња текстилни производи;
    - 1.283 литри пиво Tuborg
    - 897 парчиња на опрема за стоматологија
    - 473 живи птици (папагали и гулаби)

- козметички производи, опрема за угостителство, моторцикли идр.

12. Во јуни 2010 година, поднесени се кривични пријави против 2 физички лица и 2 правни лица, за основано сомнение дека сториле кривично дело царинска измама по член 278-а од Кривичниот законик. Од страна на осомничените е избегната наплата на царински и други давачки во вкупен износ од околу 8 милиони денари (околу 130 илјади евра).

    За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа се доставени 74 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 18 барања по записник за царински прекршок доставени од Секторот за контрола и истраги при Царинската управа, 52 барања од царински испостави, 1 барање од Министерството за внатрешни работи и 3 барања преотстапени од Основните судови. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа во јуни 2010 година реши 111 предмети во редовна и итна постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од околу 66 илјади евра и парична казна во износ од околу 3,7 милиони денари (околу 60 илјади евра).

    Против решенијата на Царинската управа за утврдена прекршочна одговорност, во јуни 2010 година од Управниот суд се примени 15 тужби и во законски определениот рок се доставени 15 одговори на тужби Во јуни 2010 година, од Управниот суд се примени 21 пресуда, од кои, со 10 пресуди се потврдуваат решенијата на Царинската управа, со 11 пресуди се поништуваат решенијата на Царинската управа и се враќаат на повторно постапување. Во постапка на порамнување се решени 36 предмети при што е извршена уплата на глоба во износ од 3,7 илјади евра.

    Во јуни 2010 година во царинарниците се изречени 242 мандатни казни на сторители на царински прекршоци, во вкупен износ од околу 31 илјада евра.

13. Поради основано сомневање дека се работи за фалсификувани трговски марки, Царинската управа во јуни 2010 година интервенираше при повеќе обиди за повреда на правото од интелектуална сопственост и привремено задржа 15.208 парчиња стока.

    Најголем дел од привремено задржаната стока ја сочинуваат:
    - 5.129 парчиња текстилни производи,
    - 2.530 парчиња козметички производи
    - 1.255 парчиња спортски обувки,

- 1.055 мобилни телефони и пропратна опрема.

Во овој месец се донесени одобренија за уништување на стока која повредува право од интелектуална соптвеност за вкупно 6.223 парчиња стока и тоа: маици со ознака на трговска марка LEVI'S и D&G; бермуди со ознака на трговска марка NIKE; блузи со ознака на трговска марка EMPORIO ARMANI, D&G, ADIDAS и DIESEL; спортски патики со ознака на трговска марка REEBOK, PUMA и ADIDAS; машки фармерки со ознака на трговска марка ARMANI JEANS; полначи за мобилни телефони со ознака на трговска марка NOKIA; кошули со ознака на трговска марка EMPORIO ARMANI; спортски дресови со ознака на трговска марка ADIDAS; женски хеланки со ознака на трговска марка D&G, DIESEL, CHANEL и VERSACE; детски чизми со ознака на трговска марка CHRISTIAN DIOR и ДВД-плејери, телефони, транзистори со ознака на трговска марка PANASONIC.

Од сомнение за повреда на правата од интелектуална сопственост ослободени се 3.144 парчиња техничка стока и спортска опрема.

## VI. Меѓуинституционална и меѓународна соработка и проекти

14. Во јуни 2010 година се одржа редовен состанок на Советодавното тело, на кој учествуваа претставници од Царинската управа, МАКАМТРАНС, Македонија сообраќај – А.М.Е.Р.И.Т, Стопанската комора на Северозападна Македонија, Асоцијацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори, Дирекцијата за храна и Авто-мото сојузот на Македонија. На состанокот беше промовиран надворешниот портал на царинскиот систем за менаџирање со документи, за поднесување на електронски барања до Царинската управа за издавање на сите видови на дозволи, решенија или одобренија (барањата кои сега се поднесуваат во хартиена форма), до кој компаниите можат да пристапат бесплатно преку web страната на Царинската управа.

15. Претставник на Царинската управа активно учествува во Проектната група формирана од страна на Директоратот за царини и даноци на Европската Комисија (EC DG TAXUD), која работи на подготовка на функционална спецификација за воспоставување на стандардите за имплементација на Single Window концептот во Земјите членки на Европската унија. Во текот на јуни оваа проектна група одржа два состанока на кои беа изработени на бизнис процес моделите на две дозволи (Common Veterinarian Entry Document и Agricultural licence) и мапирање на податоците во нив согласно форматот и структурата на

податочните модели на ОН (UNTDED) и СЦО (WCO Data Model Version 3). Дополнително, Проектната група одлучи Царинската управа на Република Македонија да биде домаќин на пред последниот состанок на групата, во октомври, на кој меѓу другото ќе биде извршена практична демонстрација на Single Window системот во Република Македонија, посебно во делот на интегрирање со новиот CDPS систем и системот TRACES like на Управата за ветеринарство.

16. Во насока на подобрување на соработката со бизнис заедницата одржани се 3 работилници на кои беше презентиран софтверот за увоз за облагородување, апликацијата за електронско поднесување на барања преку надворешниот портал на Царинската управа и примената на поедноставените постапки, со презентирање на концептот за Овластен економски оператор.

17. Од 24 до 26 јуни 2010 година, делегација на Царинската управа учествуваше на Годишното собрание на Советот на Светската царинска организација (СЦО), на кое се разгледува и усвојува годишниот извештај за работата на СЦО.

18. За време на Годишното собрание на СЦО, Царинската управа на Република Македонија потпиша Меморандум за соработка со СЦО и Царинската управа на Маурициус, според кој Царинската управа на Република Македонија ќе обезбедува стручна помош за воспоставување и развој на национален едношалтерски систем во Маурициус, што претставува афирмација на високите дострели на нашата држава во царинското работење. Меморандумот го потпишаа Генералниот секретар на СЦО и директорите на царинските управи на двете држави.

19. За време на Годишното собрание на СЦО, Царинската управа на Република Македонија и Државниот царински комитет на Азербејџан потпишаа Договор за соработка на полето на професионално усовршување на царинските службеници, со кој се предвидува воспоставување на соработка на Регионалните тренинг центри (РТЦ) на Светската царинска организација во Скопје и Баку и продлабочување на билатералната соработка помеѓу двете царински служби.